**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 09- 497/1
Датум: 11-03-2022
СКОПЈЕ

Врз основа на точка 7 од Одлуката за начинот на изведување на наставата во летниот семестар бр. 02-356/37 од 23.2.2022 година, а во врска со важењето на мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на корона вирусот, ја донесувам следната

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

1. При изведување на наставата (предавања и вежби) на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје се запазуваат сите протоколи што важат за ваков вид собирања во затворен простор, како и одредбите од оваа процедура.

2. Студентите можат да дојдат на Факултетот само доколку немаат симптоми кои укажуваат на ковид-19.

3. Факултетот обезбедува лица на влезовите на Факултетот како и на анексот кои ќе се грижат за спроведување на редот, дезинфекција, носење заштитни маски и одржување на потребното растојание.

4. На влезот на Факултетот, како и во другите простории на Факултетот се поставуваат средства за дезинфекција.

5. Големината на групите за предавањата и вежбите е димензионирана согласно големината на просторијата/лабораторијата во која се реализира наставата. При тоа се обезбедува растојание од 1-1,5 метри помеѓу две работни места меѓу студентите.

6. Обврските на студентите кои следат настава со физичко присуство се:

6.1. Да се упатат директно во просторијата во која се одржува настава околу 10 минути пред почетокот на предавањето/вежбите и да седнат на едно од местата означени со сина боја.

6.2. Задолжително да носат заштитна маска KN95 или медицинска маска при влез и за време на престојот во просториите на Факултетот. Заштитната маска треба да ги покрива носот, устата и брадата. Доколку студентот нема заштитна маска, нема да му биде дозволен влез во Факултетот, односно ќе биде отстранет од наставниот процес.

6.3. При влез и излез од просторијата во која се реализира наставата, задолжително да се врши дезинфекција на рацете. Средствата за дезинфекција се поставени на влезот во секоја просторија.

6.4. Да избегнуваат групирање и чекање во холот на Факултетот и пред просториите во кои се одржува наставата.

6.5. Во секое време треба да одржуваат физичка дистанца од 1 – 1,5 метра.

6.6. По завршување на наставата да ги напуштат просториите и зградата на Факултетот за да се изврши дезинфекција и проветрување на просторијата и да се избегне контакт со студентите кои ќе имаат настава во наредниот термин.

6.7. При напуштање на просториите да ги соберат сите свои работи, а отпадоците да ги фрлаат во означените корпи, избегнувајќи го допирот со корпите.

7. Обврски на техничката служба се:

7.1. Редовно чистење на просториите пред и по завршување на часот, согласно Упатството за работа.

7.2. Проветрување на просториите по завршување на секој наставен час.

7.3. Доколку дозволуваат временските услови, се препорачува одреден број прозорци да бидат отворени за време на реализирање на наставата.

7.4. Проверка на корпите за отпадоци и нивно празнење, согласно Упатството за работа.

7.5. Чистењето на опремата и инструментите е според напатствијата на раководителот на лабораторијата во која се реализираат вежбите.

8. Со цел да се усогласи работата на техничката служба со наставниот процес должност на Продеканот за настава е да достави список со термини и простории за предавања/вежби со физичко присуство.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Северна Македонија СКОПЈЕ

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски